ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Упатство за користење на Дистрибутивниот Систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија

бул. Кузман Јосифоски Питу бр.1 1000 Скопје

Телефон: + 389 2 3288-100

www.crm.com.mk

За да ги извадите потребните потврди преку системот за електронско вадење потврди – Интернет Дистрибутивен систем на Цетрален регистар, потребно е да се најавите во системот со сопственото корисничко име и лозинка доколку веќе имате креирано кориснички налог преку веб порталот. Доколку немате кориснички налог, потребно е да креирате.

Најава во достапните системи:






Веднаш по најавата, во делот на достапни системи, избираме Дистрибутивен систем.

Пристап во Дистрибутивен систем има секој регистриран корисник со улога на Регуларен корисник и потврдите може да ги нарача и плати електронски со картичка.




Ја избираме категоријата на потврди:



Потврдите за јавни набавки се сублимирани во категоријата Пакет потврди – Јавни набавки




Ја избираме бараната потврда:




Со впишување на матичниот број на бараниот субјект, полето за валидација на субјектот ќе го прикаже и називот за истиот.

Начините за преземање се обележани десно во црвена рамка:

Преземањето на потврдите може да биде во форма на:

- електронски формален документ, кој содржи дигитален потпис,
- електронски преглед
- хартиено на шалтер
- хартиено по пошта







Пред плаќање / завршување на нарачката, начинот на преземање мое да биде променет од страна на корисникот, и по промената потребно е да се кликне на копчето – Ажурирај во кошничка.




Доколку корисникот одбрал елктронски формален или електронски преглед, истите по завршувањена нарачката ќе бидат генерирани во делот на мои нарачки:



Доколку корисникот избрал да го преземе документот хартиено на шалтер, потребно е да избере и канцеларија од која сака да го преземе докуметот, со избор од scroll-down листата









А секој регистриран корисник, кој има склучено Договор, има 2 улоги, односно покрај Регуларен корисник, има одобрено и улога на Професионален корисник на дистрибутивниот систем.

Преку улогата на Професионален корисник на дистрибутивниот систем, корисникот има повеќе привилегии, може да нарачува потврди и за истите системот автоматски да му одземе средства согласно тарифата од уплатениот депозит на профилот. Професионалниот корисник може нарача, да купи и самостојно да креира пакети на потврди во поголема количина, за кои системот автоматски ќе му пресмета попуст согласно тарифата, а потврдите може да ги нарачува како посебен производ или како трансакции на веќе креираните пакети.

Менувањето на улогата на корисник од кој има пристап и како Професионален корисник, може да се направи со избор на профил:






Професионалниот корисник има увид на бројот на потрошени трансакции од пакетите во делот на ДЕТАЛИ како и за сите останати нарачки.



Професионалниот корисник може самостојно да го надополнува салдото:




Секој регистриран клиент може преку вебконтролорот може да одобрува и да одзема пристап на останати корисници во системот.

Како се станува Професионален ккорисник на Дистрибутивниот систем?

Преку веб порталот на услуги на Централен регистар ја одбираме услугата Пристап до информации преку Дистрибутивен систем




1. Го симнувате Договорот и пополнет во 4 примероци го испраќаме до Одделение за маркетинг на Централен регистар. (Во точката 14 задолжително е пополнување валидна меил адреса на лицето за контакт кој ќе биде вебконтролор на системот).
2. Уплаќате првична уплата од 5000 ден. на една од сметките на Централен регистар – со цел на дознака – уплата за Дистрибутивен систем. Оваа уплата како и сите наредни се користат како средства/депозит за вадење на потврди.
3. Барате пристап во системот. Истиот ќе биде одобрен откако претходните два чекори се исполнети.

Барањето пристап во системот е објаснето во посебно упатство кое е прикачено на веб страницата на ЦР, во делот на УПАТСТВА за конкретната услуга.